ПРАШАЊА ЗА НЕГОВАТЕЛИ

**1. Што претставува згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст, според Законот за заштита на децата ?**

Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, според Законот за заштита на децата е облик на заштита на деца што го сочинуваат сите правни и физички лица на територијата на република Македонија, чија основна дејност е вршење работи поврзани со згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.

2. **Каков тип на детски градинки можат да бидат основани според Законот за заштита на децата?**

Детската градинка може да биде основана како јавна детска градинка и детска градинка во приватна сопственост

**3. Според Законот за заштита на децата колку деца треба да има воспитната група на деца до 12 месеци**

**4. Според Законот за заштита на децата колку деца треба да има воспитната група на деца над 12 до 18 месеци?**

**5. Според Законот за заштита на децата колку деца треба да има воспитната група на деца над 18 до 24 месеци?**

Детските градинки во зависност од возраста на децата и должината на престојот својата работа ја организираат во групи. Работата во детската градинка се организира во зависност од возраста на децата во хомогени групи и тоа:

1) до 12 месеци.....................................................од 6 до 8 деца
2)над 12 месеци до 18 месеци......................од 8 до 10 деца
3)над 18 месеци до 2 години....................... од 10 до 12 деца
4)над 2 години до 3 години..........................од 12 до 15 деца
5)над 3 години до 4 години..........................од 15 до 18 деца
6)над 4 години до 5 години.........................од 18 до 20 деца
7)над 5 години до 6 години......................... од 20 до 25 деца

По исклучок , во зависност од возраста на децата, може да се организира:

1) Хетерогена група
до две години..................................................................................... од 10 до 12 деца
од две години до поаѓање во основно училиште ... од 18 до 20 деца

2)Комбинирана група
од 12 месеци до поаѓање во основно училиште ..........од 15 до 20 деца.

3) Група деца со пречки во развојот ......од 5 до 8 деца.

4)Група деца од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години ...... од 20 до 30 деца

**6. Работното време на негувателот кое го поминува со децата од детската градинка изнесува:**
Работното време на вработените во детската градинка изнесува 40 часа неделно. Работното време заради природата на работата, за воспитувачот и негувателот, се распределува на работно време поминато со децата и останато работно време за други програмски активности. Работното време поминато со децата, како дел од вкупните програмски активности во рамки на полното работно време, за воспитувачот изнесува 30 часа во неделата, а за негувателот 35 часа во неделата.

**7. Орган на управување во јавна детска градинка е:**
Орган на управување во јавна установа за деца е управен одбор. Управниот одбор на јавна установа за деца основана од Владата го сочинуваат претставници на основачот на јавната установа за деца, на родителите и на општината и општината во градот Скопје на чие подрачје е седиштето на установата односно градот Скопје за детското одморалиште.

**8. Кој е орган на раководење со Јавна детска установа?**
Со јавна установа за деца раководи директор на установата, како орган на раководење. За директор на јавна детска градинка/центар за ран детски развој може да биде именувано односно избрано лице кое покрај општите услови утврдени со закон и условите утврдени во членот 142 од Законот за заштита на децата (Службен весник на Р.М. 23/13)е со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1 степен) и ги исполнува условите утврдени во членот 135 од Законот за заштита на децата (Службен весник на Р.М. 23/13) за воспитувач, за стручен работник, за стручен соработник, лице со завршен филолошки факултет - наставна студиска програма и специјалистички студии за предучилишни педагози, правник и економист со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1) и над четири години работно искуство по дипломирањето и поседува важечка лиценца за директор за установа за деца.

**9. Кој степен на образование треба да го поседува негувателот во детска градинка според Законот за заштита на децата?**
Неговател може да биде лице со завршено средно четиригодишно образование и важечка лиценца за неговател.

**10. Помошник – воспитувач за нега и грижа на деца со специфични потреби попречени во менталниот развој или телесна попреченост, според Законот за заштита на децата, можат да бидат лица:**
Нега и грижа со децата со специфични потреби попречени во менталниот развој или телесна попреченост можат да вршат и помошници - воспитувачи со четиригодишно

средно образование или со више образование кои поседуваат важечка лиценца за неговател

**11. Вработените во јавната детска установа кои имаат непосреден контакт со деца или храна, согласно со Законот за заштита на децата, треба да подлежат на систематски преглед:**
Вработените во јавната детска установа кои имаат непосреден контакт со деца или храна, согласно со Законот за заштита на децата, треба да подлежат на систематски преглед еднаш годишно.

**12. Со кого соработува детската градинка заради зачувување и унапредување на здравјето на децата согласно со Законот за заштита на децата?**
Детската градинка/центар за ран детски развој заради зачувување и унапредување на здравјето на децата ја следи дневната здравствена состојба на децата, соработува со установи надлежни за здравствена заштита на децата и спроведува превентивни мерки за заштита на здравјето на децата.

**13. Кој ја издава лиценцата за работа на негувателот?**
Министерот за труд и социјална политика ја издава лиценцата за работа на негуvател.

**14. Наведи во кои случаи може да биде одземена лиценцата за работа на негувателот?**
Лиценцата за работа се одзема доколку:
- Комисијата за лиценцирање по извршената проверка констатира дека лицето не го применува стручното знаење;
- му е одземена или ограничена деловната способност ;
- му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со законот е утврдено дискриминаторско однесување.

**15. Каков вид на педагошка документација и педагошка евиденција се води во детската градинка?**
Во установа за деца се води евиденција и документација. Во детската градинка/центар за ран детски развој се води педагошка документација и педагошка евиденција за воспитно образовните активности. Педагошката документација во смисла на овој закон ја опфаќа главната книга на децата и претставува документ од трајна вредност. Педагошката евиденција опфаќа: дневник за работа на

градинката/центар за ран детски развој, дневник за работа на воспитната група, планирање и подготвување на воспитно - образовната работа и досие на детето и истите се водат во хартиена и електронска форма.

**16. Кој врши планирање на воспитно - образовната работа во градинката за воспитните групи на деца до 24 месеци, согласно со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детската градинка и центарот за ран детски развој?**

Планирање на воспитно - образовната работа во градинката за воспитните групи на деца до 24 месеци, согласно со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детската градинка и центарот за ран детски развој педагогот на градинката или определениот воспитувач

**17. Досието на детето во детската градинка се води за период од:**

Досието на детето во детската градинка се води за период од запишување на детето во градинката до неговото запишување во основното училиште.

**18. Како се дефинира здравјето според Светската здравствена организација?**

Според Светската здравствена организација здравјето се дефинира како отсуство на болест или немоќ и состојба на комплетна физичка, психичка и социјална благосостојба.

**19. Кои се функциите на организираното предучилишното воспитание?**

Функциите на предучилиштното воспитание се:

- Задоволување на детските развојни потреби; детските права; и потребите на општеството за интергенерациски континуитет (пренесување на традициите, културата)
- Социјализаторска функција –вклопување во средина поширока од семејството
- Подготовка за училиште
- Згрижување на децата во отсуство на родителите
- Едукација на семејството
- Компензаторска функција за деца од деприривирани средини
- Посебна помош на деца попречени во развојот
- Обезбедување посебни услови за деца со зголемени развојни можности.
- Дополнување на семејната воспитна улога

**20. Наброј ги факторите на развој во предучилишниот период**

Фактори на развој се наследството, срединските фактори, културата, активноста на детето.

**21. Кои се манифестациите посветени на децата согласно со Законот за заштита на децата?**
Манифестации посветени на децата се: "Светски ден на детето", "Детска недела" и "Ден на детето".

**22. Законитости во психофизичкиот развој кај децата**
Законитости во психофизичкиот развој кај децата се: интермитентност, алтернативност, константност на развојниот ред, цефало-каудален и проксимо-дистален правец на развој, тенденција на излишно ангажирање на мускулите, развој од подеднаква контрола на билатералните органи кон подобра контрола на унитералните органи.

**23. Кои се формите на соработка на градинката со родителите?**
Формите на соработка со родителите се: Разговори (индивидуални и во мали групи); состаноци: информирање на родителите 9усно и писмено (со белешки, тетратки, огласна табла, билтени, информативни материјали и др.); Вклучување во планирање на воспитно - образовната работа; Учество во реализацијата на одредени активности во групата и во поширокатa средина; посети во домот на децата; заеднички прослави на родендени и други манифестации; збогатување на просторот со средства и неструктуриран материјал; заеднички излети, прошетки, театарски и куклени претстави и сл.

**24. Каде се пропишани правата и обврските на децата?**
Правата и обврските на децата се пропишани во Конвенцијата за правата на децата.

**25. Кои основни права на децата треба да ги почитуваат државите-потписнички на Конвенцијата за правата на децата?**
Основни права на децата треба да ги почитуваат државите-потписнички на Конвенцијата за правата на децата се: право на живот, право на опстанок, право на образование, право на здраствена и социјална заштита.

**26. Кои се домени на развојот во Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години?**
Домени се: Физичко здравје и моторен развој, социо-емоционален развој, развој на пристап кон учење, развој на јазикот, описменување и комуникација, когнитивен развој и стекнување на општи знаења

**27. Кои се суб-домени на развојот во Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години?**
Во доменот *физичко здравје и моторен развој* субдомени се: груб моторен развој, фин моторен развој, здраво и безбедно однесување, сензомоторен развој

Во доменот *социо-емоционален развој* субдомени се: социјален развој и емоционален развој.
Во доменот *пристап кон учење* убдомени се: љубопитност и иницијативност, креативност и истрајност.
Во доменот *јазик комуникација и развој на писменост* убдомени се: комуникација, читање, пишување.
Во доменот *когнитивен развој и стекнување на општи знаењ*а субдомени се: логика и размислување,математика и броеви, наука, уметност.

**28. Каква е дистрибуцијата на возрасните групи во детската градинка согласно со Законот за заштита на децата?**

Согласно со Законот за заштита на децата дистрибуцијата на возрасни групи во детската градинка е следната:
0-2 години (0-12 месеци, 12-18 месеци, 18-24 месеци)
2-3 години
3-4 години
4-5 години
5-6 години

**29. Што е развоен домен?**

Развојниот домен претставува аспект на развојот на детската личност. Различните домени подразбираат различни аспекти кои меѓусебно се поврзани и меѓузависни во развојот. Нивната меѓузависност бара влијанието врз развојот на домените да се реализира холистички. .

**30. Што е стандард за рано учење и развој?**

Стандардот е изјава за нашите очекувања што децата треба да знаат и умеат да направат во текот на нивниот развој на одредена возраст.

**31. Што е индикатор на стандардот за рано учење и развој?**

Индикаторот е видлива и мерлива манифестација на она што детето го прави. Индикаторот е секогаш поврзан со стандардот.

**32. Кои видови учења се застапени во раниот детски развој?**

Во раниот детски развој застапени се следните видови на учење: Учење со идентификација, Учење со имитација, Учење со учење на улоги, Учење со откривање, сетилно учење.

**33. Кои се карактеристиките на физичкиот развој во раното детство?**

Во физичкиот и моторниот развој кај децата се забележува тенденцијата за користење на повеќе мускули отколку што е неопходно, како и трошење на непотребна енергија. Подоцна движењата се редуцираат на оние кои се неопходни.

**34. Појава и развој на емоциите во раното детство**

По раѓањето кај децата се забележува само една емоција, возбуда од која подоцна се развиваат и други емоции, вознемиреност, задоволство, од 3-6 месеци, гнев, гадење, страв, од 9-12 месеци, воодушевување, наклонетост, од 15 месец љубомората итн.

**35. Кое е значењето на соработката меѓу градинката и семејството?**

Оваа соработка е пред се неопходна заради детето и неговата адаптација во детската градинка, како и заради обезбедување изедначен пристап во воспитанието на детето, со цел за поквалитетно воспитно влијание. Взаемното почитување на родителите и воспитувачите, нивната доверба и активно следење на се што се случува во градинката и со сопственото дете, е важна претпоставка за остварување на соработката помеѓу овие два значајни фактора во животот на секое дете кое посетува градинка.

**36. Што се подразбира под принцип на отвореност на воспитно-образовниот процес?**

Под принцип на отвореност се подразбира соработка (партнерство) на сите структури од воспитно-образовниот процес со сите лица и институции кои се одговорни за детскиот развој и со кои детето се развива, расте и комуницира (заедницата, семејството).

**37. Што претставува адаптацијата на детето во градинката?**

Адаптација се определува како активно приспособување на поединецот (детето) во условите на новата општествена средина. Адаптацијата на детето во градинката е неговото приспособување во групата со децата кое се изразува преку задоволство на детето да доаѓа во градинката, преку дружење со врсниците, соработка со возрасните, прифаќање и споделување на заедничките активности и правила во групата.

**38. Наведи ги постапките со помош на кои може да се олесни адаптацијата на децата во градинката**

Постапки со помош на кои може да се олесни адаптацијата на децата во градинката се: Претходна посета на воспитувачот во домот на детето, еластично време на приемот на детето во установата, постепено продолжување на престојот во установата, доближување на условите на градинката до условите во семејството, толерирање на носењето омилени играчки од дома, грижлив, одмерен и топол однос на воспитувачот , на негователката и сите останати во установата, да нема нагла промена на навиките на детето кои се стекнати во семејството, претставување на

другарите во групата како и претставување на елементите од целосното опкружување во просторијата и зградата, обезбедување можности за престој на родителот или друг близок од семејството во воспитно-образовната група и во градинката.

**39. Методи на работа со децата во предучилишниот период**

Методи на работа со децата во предучилишниот период се следните; Откривачки методи, Проблемски методи, Вербален метод, Покажувачки метод.

**40. Играта како примарна активост во детската возраст**

Играта е основното средтсво/метод/форма на воспитно-образовното дејствување за кое детето има посебни животни потреби и кое обезбедува живеење и учење сообразено со детските развојни и индивидуални карактеристики, потенцијали и интереси. Играта е примарна активност низ која детето се изразува себеси, ги искажува своите потреби, желби и намери, се социјализира, корегира некои развојни аспекти и учи. Играта треба да е секојдневно застапена во раниот детски развој.

**41. Наведи ги основните центри за учење и активност и материјалите со кои тие треба да се опремени**

Во основни центри за учење и активност можеме да ги наброиме следните: Центар за семејно-драмски игри и иактивности, центар за математички игри и активности, библиотечен центар, центар за истражувачки игри и активност, центар за мирни игри и активности, центар за игри песок-вода, центар за конструктивни и манипулативни игри, сообраќаен центар, центар за музички игри и активности и други.

**42. Која е улогата и значењето на портфолиото на децата во организираното влијание врз нивниот развој?**

Со портфолио се стекнува увид врз постигнувањата на децата што овозможува поуспешно планирање и реализирање на натамошните воспитно-образовни активности. Исто така, тоа овозможува подобар индивидуален пристап во работата со детето, како и благовремено интервенирање кај него при евентуална потреба од тоа. Портфолиото укажува на развојното темпо во различни домени и помага за подобар континуитет во преминот кон повисокиот воспитно-образовен степен.

**43. Какви треба да бидат материјалите во центрите (катчињата) за учење и игра?**

Материјалите во центрите (катчињата) за учење и игра треба да бидат: организирани, јасно наредени, чисти и уредни, достапни за децата набљудувани, оценувани и постојано збогатувани. Тие треба да се збогатуваат и со неструктуриран материјал, а децата да се поттикнуваат да прават независни избори за слободни и организирани активности.

**44. Што претставува раниот детски развој?**
Раниот детски развој го опфака периодот од 0-6 години, односно според некои автори и до 8 годишна возраст. Тоа е период во кои грижата, воспитанието и образованието на децата, комплементарно се испреплатуваат. Раниот детски развој е процес низ кој поминуваат сите деца, од едноставни до покомплексни физички, моторни, социјални и емоционални модели на однесување.

**45. Што се тоа Стандарди за рано учење и развој?**
Стандардите за рано учење и развој ги презентираат очекувањата коишто треба да ги достигнат децата од предучилишна возраст во разни домени на развој (физичко здравје и моторен развој, социо-емоционален развој, когнитивен развој). Стандардите пред се укажуваат на тоа што децата знаат и можат да направат на точно одредена возраст.

**46. Организираното предучилишно воспитание ја заменува семејната воспитна улога или ја дополнува семејната воспитна улога**
Семејството претставува најзначаен фактор во поставувањето на основите на секоја личност. Тоа е првата средина во која детето го прави првиот контакт со светот што го опкружува и во која ги доживува првите искуства и емоционлни искушенија. Семејството е примарен чинител во задоволувањето на детските интелектуално-когнитивни, социо-емоционални, психички и други развојни потреби. За разлика од воспитанието и образованието во образовните институции, семејното воспитание не е организиран процес. Воспитните ефекти во него се засновани врз експресијата на емоциите и врз интимната атмосфера која, заедно со љубовта, се основни средства за влијание врз детето. Оттука, семејното воспитание има функционална природа заснована на емоционални врски и на процесите на идентификација, што е еден од најзначајните воспитни моменти. Токму затоа, организираното предучилишно воспитание не може да ја замени , туку со организирано и планско воспитно-образовно дејствување може да ја надополни семејната воспитна улога.

**47. Една од функциите на предучилишното воспитание е подготовка на децата за?**
Една од функциите на предучилишното воспитание е подготовката на децата за училиште. Имено, предучилишното воспитание и образование се базира на организирани и холистички ориентирани воспитно-образовни влијанија врз сите развојни аспекти на детската личност. Низ организираните воспитно-образовни процеси детето се социјализира, ги развива мисловните и когнитивно-интелектуални процеси, ги осознава и развива своите потенцијали и можности, ги богати своите искуства и сознанија, стекнува постепена емоционална и моторичка рамнотежа, ги развива и насочува своите потреби и интереси и гради позитивен однос кон учењето и

откривањето. Сето тоа претставува успешна основа за натамошните учечки и развојни процеси во рамките на училиштето.

**48. Едукацијата на семејството претставува**

Едукацијата на семејството претставува една од основните функции на организираното предучилишно воспитание, која придонесува кон поквалитетен процес на ран детски развој. Оваа функција произлегува од потребата да се потенцира, збогати, канализира и надополни семејната воспитна улога, да се надминат предрасудите по однос на културните различности кај децата и да се усогласат воспитните влијанија меѓу двата значајни фактори во раниот детски разој – градинката / центрите за ран детски развој и семејството.

**49. Здраво и безбедно однесување е еден дел од доменот?**

Здраво и безбедно однесување е еден дел од доменот здравје и моторен развој.

**50. Љубопитност, креативност, иницијативност упорност се клучни вредности на кој домент?**

Љубопитност, креативност, иницијативност упорност се клучни вредности на доментот пристап кон учење.

**51. Детскиот развој во првите години од животот не тече рамномерно и мазно. Оваа законитост во детскиот развој ја именуваме како?**

Оваа законитост во детскиот развој ја именуваме како интермитентност во развојот.

**52. Акцелерација значи?**

Терминот акцелерација значи забрзување на детскиот развој.

**53. Предучилишното воспитание и образование кај нас се базира на?**

Предучилишното воспитание и образование кај нас се базира на Хуманистичкиот пристап кон образованието.

**54. Дали се задолжителни здраствено-хигиенските прегледи?**

Здраствено-хигиенски прегледи се задолжителни за сите вработени кои се непосредно вклучени во исхрана на децата. Здраствено-хигиенските прегледи се вршат во Институтите за јавно здравја во Републиката. За лицата кои имаат непосреден контакт со исхраната на децата здраствени-хигиенски прегледи се прават на секои 6 месеци. По завршувањето на прегледите, ако е се во ред добиваат заверена Санитарна книшка, со рок на важење од 6 месеци.

**55. Дали примената на HACCP стандардите е задолжителна?**

НАССР стандардите и нивната практична примена треба практично да се спроведуваат во сите објекти, односно во централните кујни, дистрибутивните и млечните кујни за деца од јаслена возраст. Во сите ЈУОДГ соглассно стандардите треба да има формирано НАССР тим со кој ќе раководи одговорна медицинска сестра и ќе одговара за целокупната реализација на исхраната за децата.

**56. Дали се планира исхраната на децата со двонеделни листи на јадења?**
Планирањето на месечната исхрана се рализира преку изработка на двонеделна, односна месечна листа, и ја изработува комисија за исхрана, која е составена од лекар доколку го има, одговорна медицинска сестра и готвач, а ја одобрува директорот на ЈУОДГ.

**57. Дали треба да се прави редовна дезинфекција на просторот и инвентарот во кујна?**
Дезинфекција на просторот, работните површини и инвентарот во кујна се врши редовно - секојдневно со соодветни средства за дезинфекција и истата е задолжителна. Дезинфекција може да се врши и со пеглање на постелнини крпи и слично. Вриење на ситниот инвентар во казан е исто така дезинфекција. Исложување на предмети на сонце е соодветна дезинфекција за дел од инвентаро. Постои и хемиска дезинфекција која е најбезбедна и се врши со хемиски средства за дезинфекција.

**58. Дали се применуваат Нормативите за исхрана за деца од градинка?**
Примената на Нормативите за исхрана се користат при планирање на исхраната и истите се изработени од Републичкиот завод за унапредување на домакинството изработени во 1988 година и повторно дополнети во 2005 година. Нормативите за исхрана се усогласени со Прирачникот за правилна исхрана на населението во Република Македонија, кој е усогласен со ФАО и светската здраствена организација.

**59. Дали е забранет влезот на невработени лица во кујна?**
За сите невработени лица влезот во кујна и другите помошни простории што се во склоп на кујна е забранет. Со посебна дозвола со придружба од одговорно лице за исхрана и во соодветна заштитна облека во кујна може да влезе и друго лице.

**60. Дали е задолжелен хигиенскиот курс?**
Курс по хигиена е задолжителен за сите лица кои се во непосреден контакт со исхрана на децата, а немаат соодветно образование од областа на хигиена на исхрана. Со посетата на курсевите слушателите се запознаваат со безбедно подготвување на храната, сите специфики од хигиена на исхрана, одржување на општа и лична хигиена, заболување кои може де се добијат од неправилен избор и манипулација со прехранбените производи и слично.

**61. Дали е задолжително секојдневно оставање на контролни порции од дневните оброци?**
Контролни проби (мостри) од сите дневни оброци задолжително мора да се оставаат во фрижидер, во посебни стаклени наменски затворени садови (тегли). Мострите се чуваат во фрижидер 48 часа.

**62. Дали лице заболено од груп има пристап во кујна?**
Сите заболени лица од грип кои имаат непосреден контакт со храна треба да се остранат времено од кујна, се до периодот до нивно оздравување.

**63. Вработените во кујна имаат соодветна работна облека?**
Во зависност од работното место во кујна сите лица треба да имаат и да носат соодветна работна облека согласно НАССР препораките. Секој работник потребно е да поседува од најмалку два-три комплета на комплетна работна облека, во зависност од работното место. Облеката се чува во посебни гардеробери за секој работник. На работното место вработените сегогаш треба да поседува една резервна чиста работна облека.

**64. Една кило калорија е еднаква на кило џули _________мега џули _________**
Една кило калорија е еднаква на 4,189 кило џули, односно калориите се множат со 4,189 за да се добиеjат кило џули. За да се добијат мега џули, кило калориите се делат со 0,239 за да се добијат мега џули .

**65. Дератизацијата на просторот во кујна е?**
Дератизација е уништување на глодари и се врши задолжително на секои шест месеци, а по потреба и почесто. Дератизација врши стручна служба регистрирана согласно законот, односно најчесто ја вршат Институтите за јавно здравје (Градските заводи за здраствена зашртита). Дератизацијата е задолжителна.

**66. Дезинтал е средство за дезинфекција на**?
Дезенталот е хемиско средство за хемиска дезинфекција на подните, работните површини и инвентарот во кујна. Се користи по пропишаните концентрации предвидени со упатсрвото за употреба. Пожелно е да хемиската дезинфекција биде под контрола на одговорната медицинска сестра. Дезинфекција се врши и на детските играчки.

**67. Белковините се делат на белковини од ?**
Белковините се градивни материи и на организамот и се делат на белковини од животинско и растително потекло. Белковини од животинско потекло најмногу се застапени во месото, млекото и нивни преработки,јајца,риба и други производи од

животинско потекло. Растителните белковини најмногу се застапени во грав, соја, грашок, житарици, јаткасти и семкасти производи и сл. Една белковина дава 4,1 к.калорија, односно 17 к. џили.

**68. Што е HACCP?**

HACCP е контролен систем за обезбедување на безбедно производство на храна. Во превот HACCP значи анализа на опасноста и критичните контролни точки. Спроведување на HACCP стандардите се регулирани со закон и неговата примена е задолжителна во сите објекти кај што има промет со храна. Во ЈУОДГ потребно е да се формираат HACCP тимови кои ќе го следат процесот на подготвување, дистрибуција сервирање и консумирање на храната наменета за децата од градинка.

**69. Прва ужина за деца до 2 годишна возраст е**

Во целодневната исхрана за децата до 2 годишна возраст предвидени се 4 оброка, кои се распоредени по одреден распоред за консумирање. Застапен е појадок, претпладневна ужина, ручек и попладневна ужинка. Претпладневната ужина се состои од млечен производ, овошни и зеленчукови кашички, сокови свежо цедени и сл.

**70. Еден грам белковини или еден грам јаглени хидрати дава_________К.кал**.

Белковините и јаглено хидратите учествуваат и во енергетската вредност на оброците што ги добиваат децата. Енергетската вреднос што ја даваат овие материи е иста, односно еден грам белковини или еден грам јаглено хидрати даваат 4.1 к.калории, односно 17 кило џули .

**71. Здраствено-хигиенските прегледи за вработените во кујна се вршат________годишно**

Обврската за обавување на здраствено –хигиенски прегледи за сите вработени кои се во непосреден контакт со исхраната на децата се задолжителни. Прегледите се спроведуваат во Здраствените институти во Републиката. За вработените кои се во непосреден контакт со исхраната на децата здраствено-хигиенски прегледи се спроведуваат на секои 6 месеци. По прегледот лицето добива санитарна книшка, што значи дека може да биде вклучено во исхраната на децата.

**72. Колку групи на прехранбени производи постојат**

Воопшто во исхраната постојат седум групи на прехранбени производи и една подгрупа. Групите се поделени на :

1. Млеко и млечни производи;
2. Сите видови месо, риба, јајца и нивни производи;
3. Житарици, леб, тестенини, печива;
4. Шеќер, мед и производи на база на шеќери;

5. Масти од животинско и од растително потекло;
6. Сите видови на зеленчук и нивни те производи;
7. Сите видови на овошје и нивните производи;
8. Зачини и напитоци;

**73. Замрзнатите прехранбени производи се одмрзнуваат на**

Длабоко смрзнатите производи (месото, риба), во зависност од оброкот што сакаме да го подготвиме, пред употреба треба да се одмрзнат. Најправилно одмрзнување е да од денес месото се остави во ладилник за одржување до наредниот ден, или се остави на собна температура, на работна маса, прекриено со бела прекривка. Доколку со месото се подготвува супа или чорба се става во замрзната состојба во врела вода. Смрзнатиот зеленчук се вари во замрзната состојба во врела посолена вода.

**74. Процентот на вкупни масти во детска исхрана изнесува**

При планирање на исхраната основно учество има и вкупната застапеност на вкупните масти како концентриран извор на енергија. Во планираната исхрана во оброците предвидени се количини на видливи масти во вид на растително масло за јадење, путер, маргарин и слично. Во детската исхрана вкупните масти учествуваат со 27-30%

**75. Внатрешна температура во фрижидер за одржување треба да изнесува**

Одржување на дел од прехранбените производи се врши во ладилник за одржување, што значи дека внатрешната температура треба да биде над нула. Доколку сакаме дел од производите да се чуваат подолг временски период се чуваат во ладилник со температура под нула. Ладилниците треба редовно да се чистат, одмрзнуваат и дезинфицираат со соодветни хемиски средства. Секојдневно следење на внатрешната температура на ладилниците ја следи HACCP тимот. Внатрешната температура на ладилникот за одржување треба да се движи од +4-+8 C .

**76. Медот е во групата на :**

Медот е полновреден прехранбен производ, кој редовно треба да биде застапен во детската исхрана и тоа како засладувач на чаеви, млеко, појадок во комбинација со путер, или како додаток на слатки јадења. Природниот мед може да биде во полуцврста состојба во вид на ситни фини кристали, што се своинствени на природен мед. Неприродниот мед е со груби кристали во вид на шеќер. Во редовната исхрана кај децата може да се користи од навршена една година. Медот е носител на групата шеќери и концентрати од шеќери.

**77. Контролни порции од јадењата се оставаат во фрижидер од :**

Контролни проби –мостри од дневните реализирани оброци задолжително треба да се оставаат во ладилник за одржување. Мострите се оставаат во наменски стаклени

садови со капак. Мострите согласно законските прописи задолжително треба да се чуваат 48 часа во ладилник за одржување.

**78. Јадењата до дистрибутивните кујни се дистрибуираат во :**

За безбедно дистрибуирање на подготвените оброци потребни се соодветни садови за дистрибуција на храната. Дистрибуираните готвени јадења треба да се транспортираат во топла состоба во садови-термоси кои воедно и ја одржуваат температурата на хранаата. Се дистрибуцијата се врши во наменски соодветно одбележани возила. Хигиената на термосите треба да биде на високо ниво со редовна хемиска дезинфекција на истите.

**79. Влез во кујната е дозволен за:**

Во централните,дистрибутивните и млечните кујни се забранува влез за лица кои не се во доменот на исхраната и немаат извршени здраствено-хигиенски прегледи на 6 месеци и не поседуваат санитарни книшки. Влез за други лица е дозволен во присуство на одговорно лице (со придружба) и облечен со соодветна облека-мантил и обувки.

**80. Формирање на HACCP тимот е :**

Со HACCP стндардите се предвидува во секоја градинка да се оформи HACCP тим во ко се вклучени вработените во кујна. Со HACCP тимот раководи и одговорна е главната медицинска сестра, која ја кординира работата на тимот и ги регистрира сите активности и задолженија во посебни формулари и целокупната документација се чува на едно место. Секој член од тимот има свои обврски и задолженија и активностите ги регистрира во посебни табели.

**81. Декларација за секој прехранбен производ е:**

Прехранбените производи кои учествуваат во исхраната на децата задолжително мора да ги исполнуваат сите критериуми за здрава и безбедна храна. За секој производ покрај својствениот органолептички изглед треба да поседува и соодветна декларација од страна на производителот. Декларација е задолжителна и за набавениот свеж зеленчук, овошје и за пакувани производи (рефус) во јутени или хартиени вреќи. Декларацијата треба да биде лесно читлива со сите карактеристики и додатоци во прехранбениот производ и рокот на употреба.

**82. Дневна евиденција на искористени прехранбени производи во кујна е:**

Во посебни требовања се регистрираат сите потребни и потрешени прехранбени производи кои учествуваат во дневната исхрана на децата. Од кујна се доставува требовање до магацин за потребни прехранбени производи за подготвување на оброците предвидени со листата за јадење, а од магацин до кујна се доставува

трбовање на издадени прехранбени производи до кујна. Се издава требување од магацин и до дистрибутивните и млечните кујни за јасли.

**83. Подготвените јадења во кујна се консумираат:**

Храната што ја консумираат децата во градинка секогаш треба да биде свежо подготвена и сервирана на децата согласно динамиката и распоредот на дневните оброци. Храната што се дистрибуира до дистрибутивните кујни треба да се транспортира топла во наменски садови-термоси и да се сервира во што е можно пократоко временски период. Доколку остане дел од храната и не е искористена истата не смее да се сервира на децата наредниот ден или пак да се чува во фрижидер за наредниот ден.